# УПАТСТВО за пријавување, оцена и одбрана на дипломска работа на прв циклус на студии (додипломски студии) на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје

*Дипломската работа **најрано** може да се запише во осмиот семестар од соодветната учебна година. Тој предмет се запишува само еднаш и **не се презапишува**. Дипломската работа се работи под надзор на менторот кој е наставник вработен на Факултетот и реализира предметна настава во рамките на студиската програма на студентот, од соодветната област од која е предметот на дипломската работа. **Студентот може да ја пријави дипломската работа откако ќе освои најмалку 200 ЕКТС кредити по следнава постапка:***

**Чекор 1** — *Пред одбрана*

**Студентот** подига **Пријава за дипломска работа** од Одделението за Студентски прашања на ПМФ или ја симнува на следниот линк.

**Чекор 2** — *Пред одбрана*

Пријавата **студентот** ја пополнува во договор со менторот. На Пријавата се потпишуваат **менторот и** **Раководителот на Институтот**. **Студентот** ја доставува Пријавата во Архивата на Факултетот во 1 примерок. По заверката, Пријавата ја одобрува Деканот на Факултетот и се доставува во Одделението за Студентски прашања.

**Чекор 3** — *Пред одбрана*

**Студентот** откако ќе ги положи сите испити доставува **Барање за проверка на студентско досие** до Одделението за Студентски прашања. Барањето се подига од Одделението или се симнува на следниот линк.

**Чекор 4** — *Пред одбрана*

**Одделението за Студентски прашања** во рок од 5 работни дена утврдува дали досието е комплетно. Потоа, по комплетирањето на досието, Одделението изготвува **Извештај од проверка на досие** и му го дава на студентот.

**Чекор 5** — *Пред одбрана*

**Студентот** го архивира добиениот Извештај од проверка на досието и го доставува до менторот заедно со 4 примероци од дипломската работа.

**Чекор 6** — *Пред одбрана*

**Менторот** во договор со студентот го определува денот на одбраната на дипломската работа.

**Чекор 7** — *Пред одбрана*

**Студентот** доставува копија од првата страница на дипломската работа во Одделението пред терминот за одбрана.

**Чекор 8** — *На ден на одбрана*

На денот на одбраната **студентот** носи индекс и Пријава за испит заверена во Одделението за студентски прашања.

**Чекор 9** — *На ден на одбрана*

**Студентот** усно ја изложува дипломската работа пред Комисија од 3 члена во времераење од најмногу 20 минути.

**Чекор 10** — *На ден на одбрана*

На денот на одбраната **менторот:** **1)** внесува оцена во **индекс, Пријава за испит и iKnow систем; 2)** пополнува **Извештај за успешно одбранета дипломска рабоа** и го заверува во Архива и **3)** доставува пополнета **Пријава за испит** во Одделението за студентски прашања.

| Задача на студентот | Задача на Одделениеза Студентски прашања | Задача на менторот |
|---|---|---|

## УПАТСТВО за пријавување, оцена и одбрана на дипломска работа на прв циклус на студии (додипломски студии) на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје

*Информации*

### Уплатници кои се доставуваат заедно со Барањето за проверка на студентско досие

- назив и седиште на примач ПМФ – Скопје ПП50
- банка на примач НБРМ
- трансакциска сметка 100000000063095
- сметка на буџетски корисник на ПМФ 1600110804 788 19
- приходна шифра програма начин 7230XX - 41 – 2

1. **уплатница од 3.000,00**
цел на дознака (уверение за дипломирање и диплома)
приходна шифра програма начин 723011 - 41 – 2

2. **уплатница од 2.000,00**
цел на дознака (проверка на досие и одбрана на дипломска работа)
приходна шифра програма начин 723019 - 41 – 2

3. **уплатница од 500,00**
цел на дознака (додаток на диплома)
приходна шифра програма начин 723019 - 41 – 2

Студентот ги доставува уплатниците во Одделението за Студентски прашања во моментот кога го доставува Барањето за проверка на студентско досие.

Студентот подготвува 4 примероци од дипломската работа (за менторот, за членовите од Комисијата и за во Библиотеката на Институтот).

Студентот или менторот можат да поднесат образложено барање за промена на ментор на дипломската работа.
Барањето за промена на ментор го одобрува Раководителот на соодветниот Институт.
Откако промената на ментор ќе биде одобрена, студентот поднесува нова пријава за дипломска работа при што може да продолжи да работи на истата, слична или изменета тема.

Во текот на изработката на дипломската работа може да се направи измена на насловот со која ќе ја допрецизира избраната и одобрена тема за дипломската работа. Конечниот наслов се запишува во Извештајот на Комисијата за одбрана на дипломската работа.

Извештајот за успешно одрбранета дипломска работа се заверува во Архивата во 3 примероци.